**СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ЖАЛБИ ДО КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ НА ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 2021 И 2022**

Советот за етика во медиумите на Македонија за време на 2022, како и во претходната 2021 година продолжи да работи со несмалено темпо во врска со разгледување на случаи и постапки поврзани со објавени содржини во медиумите во Република Северна Македонија.

Најголемите прекршувања на Кодексот на новинарите во текот на 2022 година, како и претходната 2021 година, се забележани во интернет сферата, или попрецизно, во публикуваната содржина во онлајн медиумите, додека ваквите прекршувања на Кодексот не се толку чести во однос на публикуваните содржини во традиционалните медиуми.

Другата заедничка карактеристика за првите шест месеци од 2021/2022 е дека најголемите прекршувања на Кодексот на новинарите се регистрирани во однос на прекршувањата на Член 1 од Кодексот, додека другите прекршувања се помалку.




**Статистика за прекршувања на Кодексот на новинари за првата половина од 2021 година**

Како заклучок од извршената анализа за првите шест месеци од 2021 во споредба со првите шест месеци од 2022 година е дека профилот на жалби, оваа година, за разлика од претходната, е променет. Па така, ако минатата година профилот на жалителите за прекршувања на Кодексот на новинари беа граѓаните, оваа година најголемиот број на жалители се оние кои доаѓаат од јавните институции и граѓанските организации.

Што се однесува на првите шест месеци од 2021 година, се истакнуваат неколку карактеристики. Во овој период се примени 95 жалби, а донесена е 91 одлука. Од овие, 83 жалби се однесуваат на прекршувања поврзани со содржини објавени на интернет порталите, 6 во електронските медиуми (ТВ), една за весниците и една за содржина објавена од страна на новинска агенција.

Од вкупно 91 одлуки, 49 се неосновани, додека 8 одлуки се поврзани со жалби кои се решени со помош на медијација. Кај 34 жалби е утврдена основаност врз основа на прекршување на етичките норми. Целосната бројка на прекршувања на членовите од Кодексот на новинари е утврдена во 60 случаи во споменатите 34 одлуки, од кои најголемата бројка односно 19, се поврзани со прекршувања на Членот 1 од Кодексот, кој се однесува на неточна и непроверена информација, отсуство на втор извор на информација и отсуство на најмалку два неповрзани извори, потоа 11 прекршувања на Член 8 од Кодексот на новинари, кој се однесува на известување за време на

несреќи, непогоди итн. кои треба да се ослободени од сензационализми.  Понатаму, 7 прекршувања на Член 12-плагијаторство и само по 2 прекршувања се регистрирани како прекршувања на Членовите 3, 15 и 16, кои се однесуваат на коректност во известувањето; непримерна комуникација и несоодветен начин на комуницирање со публиката, како и тоа дека новинарот треба да ја почитува и брани професијата и да не го злоупотребува медиумот за кој работи.

Вкупно 40 жалби се однесуваат на содржини кои се објавени од страна на членовите на Советот за етика во медиумите на Македонија и Регистарот на професионални онлајн медиуми, додека 51 жалби се однесуваат на содржини објавени од медиуми кои не се членки на Советот за етика во медиумите на Македонија и Регистарот на професионални онлајн медиуми.




Исто како и во првата половина од 2021, трендовите на прекршувања продолжуваат и во 2022. Најчестите прекршувања се идентификувани во интернет сферата (онлајн медиумите). Базирано на извршените анализи за 2021 и 2022, годинава (2022) беа забележани прекршувања не само на Членот 1 од Кодексот на новинари, туку и прекршувања и на други членови од Кодексот на новинарите.

Статистички гледано, од почетокот на 2022 година па се до 30ти август 2022, се одржани вкупно 14 состаноци на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија, од кои една јавна седница во Струмица, каде поширoката јавност имаше можност да биде вклучена и информирана за работата на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија.

Во првата половина од 2022, вкупно 48 жалби се поднесени во Советот за етика во медиумите на Македонија, од кои 15 се однесуваат на медиумите-членки на Регистарот на професионални онлајн медуми, додека останатите 33 се однесуваат на медиуми кои не се членки на Регистарот на професионални онлајн медиуми и за кои се донесени посебни мислења. Се на се, 12 жалби се детектирани како неосновани, или со други зборови, во овие случаи не се идентификувани прекршувања на Кодексот на новинари.




**Статистика за прекршувања на Кодексот на новинари за првата половина од 2022 година**

Комисијата за жалби продолжи да прима жалби и годинава, како и претходната, врз основа на содржини публикувани на интернет порталите. Имено, најголемиот број на жалби- 85.42 %, или 41 жалба се однесува на интернет портали (онлајн медиуми), додека само 4 или 8.33% се однесуваат на телевизии.

Во текот на првата половина од оваа година, односно до 30ти август 2022, забележливо е дека претставници на јавни/државни институции се поприсутни како жалители во споредба со

претходната година. Така што од почетокот на годината досега (во првата половина од 2022), најголемиот број на жалби се поднесени од јавни институции (14), потоа организации и асоцијации од цивилниот сектор (13), како и адвокати (7). Граѓаните, исто така, се јавуваат како жалители но нивниот број е помал (6), потоа политичките партии (4), новинарите (2) и вработени во јавни институции (2) .




Најчесто жалителите (62,79%) веруваат дека Членот 1 од Кодексот на новинари бил прекршен, што се однесува на фактот дека новинарите треба да објавуваат проверени, точни информации кои не треба да бидат скриени. На второ место се жалбите кои се однесуваат на прекршување на Членот 13 од Кодексот на новинари, а кој вели дека „новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу вестите и коментарите“, како и прекршувања на Членот 10 кој вели дека “новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…)

Најнискиот процент е регистриран во врска со прекршување на Членот 3 -објавување корекција, демант или одговор во случаи кога информацијата е неточна, потоа прекршувања на Членот 6-неповрзаност на новинарската професија со мито и корупција, како и поврзаност со рекламирање. Исто така, прекршување се јавува и во врска со Членот 12-плагијаторство, потоа Членот 14-балансирано известување за политички процеси и избори и Членот 15-несоодветна комуникација и недоличен начин на комуникација со јавноста, како и тоа дека новинарот треба да ги почитува етичките стандарди и културата на говорот. Само три жалби се евидентирани во врска со говор на омраза.